**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**UNIVERSITETI “NËNË TEREZA” NË SHKUP**
**УНИВЕРЗИТЕТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ**

# B U L E T I N I
# I
# UNIVERSITETIT “NËNË TEREZA” NË SHKUP

# Б И Л Т Е Н
# НА
# УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ

**Nr.73/ Бр.73**

**Shkup, 05 Dhjetor 2025**
**Скопје, 05 Декември 2025 година**

**Botim i Universitetit "Nënë Tereza" në Shkup**
**Издание на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје**

Redaktor i veprimtarisë botuese të UNT-së / Уредник на издавачката дејност на УМТ:
Prof. Dr. Bekim Fetaji, rektor

Redaktor i Buletinit / Уредник на Билтенот:
Prof. Dr. Mustafa Ibrahimi
Mr. Bujar Kajolli

Këshilli redaktues i Buletinit / Уредувачки одбор на Билтенот:
Prof. Dr. Mustafa Ibrahimi
Prof. Inor. Dr. Fati Iseni
Dr. Raim Jashari
Mr. Bujar Kajolli

**PËRMBAJTJA / СОДРЖИНА**

1. Реферат за доделување на почесна титула Doctor Honoris Causa за Академик Алајдин Абази / Referat për dhënien e titullit të nderit Doctor Honoris Causa për Akademik Alajdin Abazi ................4-5

**F A K U L T E T I I N D Ë R T I M T A R I S Ë D H E A R K I T E K T U R Ë S / Ф А К У Л Т Е Т З А Г Р А Д Е Ж Н И Ш Т В О И А Р Х И Т Е К Т У Р А**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно – научни звања во наставно-научната област **Архитектонско проектирање** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (А.Ферати) / Referat për zgjedhje të një mësimëdhënësi në të gjitha thirrjet mësimore shkencore në fushën mësimore shkencore **Proektim Arkitektonik** në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup (A.Ferati) .................6-12

**Реферат за Доделување на Титула „Doctor Honoris Causa”**
**Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје**

**Предмет:** Предлог за доделување на почесната титула **„Doctor Honoris Causa”** на Академик Проф. Д-р Алајдин Абази.

Врз основа на Одлуката на Ректорска Управа, бр.02-1441/3, донесена на 04.12.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав:

1.Проф. д-р Беким Фетаји- претседател
2. Проф. д-р Зоран Гацовски – член
3. Проф. д-р Александар Димовски- член

**Научно-Академски Достигнувања**

Академик Алајдин Абази е роден во Тетово и е државјанин на Република Северна Македонија. Тој поседува членство во Академијата на науките и уметностите на Северна Македонија, Албанија и Косово. Неговиот академски пат:

- Дипломирал на Факултетот за електротехника во Загреб, Хрватска, во 1965 година.
- Магистрирал во 1973 година, а докторирал во 1977 година на истиот универзитет, во областа на електротехниката[7].
- Насловот на неговата докторска теза е: „Зачувување и неутрализирање на електростатското оптоварување во изолационите филмови“.
- Работел како професионален инженер од 1966 до 1969 година.
- Во 1969 година се приклучува на Електротехничкиот факултет при Универзитетот во Приштина, каде во периодот 1979-1981 година служел и како декан на Техничкиот факултет.
- Во 1985 година ја добива титулата редовен професор по предметот „Електромагнетика“.

**Меѓународна и Раководна Активност**

Професор Абази покажал меѓународен ангажман, предавајќи и истражувајќи во повеќе земји, меѓу кои:

- Универзитетот Северен Велс (Велика Британија).
- Јаши (Романија).
- Тирана (Албанија).
- Академијата на науките и уметностите на Кина.
- Универзитетот Западна Вирџинија (САД), како Фулбрајтов кандидат.

Во периодот 1982-1990 година, паралелно со академската работа, бил претседател на Одборот на Институтот за научни истражувања и развој „ИНКОС“ и заменик-претседател на Одборот за Електростопанство на Косово. Бил и член на Југословенско-Американскиот одбор за научна соработка и истражување. Има објавено над педесет научни трудови и универзитетски учебници, и учествувал во голем број научни проекти.
Во 2001 година, Проф. Абази бил назначен за директор на Фондацијата на Универзитетот на Југоисточна Европа (УЈИЕ) во Тетово, а по основањето на Универзитетот, ја извршувал функцијата Ректор на УЈИЕ.

**Придонес кон Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје**

Ангажманот на Академик Абази е особено значаен за Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје :

- Тој бил принципиелен член на Матичната комисија за основање на Универзитетот.
- Покажал континуирана заложба за развојот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје од првите иницијативи, па сè до првите чекори на реализација на идејата.
- Претставувал еден од најгласните и најконсеквентни поддржувачи за успешен почеток на оваа високообразовна институција во главниот град.
- Неговиот консеквентен ангажман, интерес и упорност биле од голема поддршка и храброст за академскиот и административниот кадар во процесот на консолидација на Универзитетот.

**Заклучок и Предлог**

Земајќи ги предвид горенаведените нормативни акти и универзитетската традиција, Комисијата смета дека Академик Алајдин Абази, со неговите човечки и академски вредности, со неговиот принципиелен придонес за сеопфатниот развој на образованието, науката и албанската култура, како и со неговата несебична поддршка на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, заслужува да ја збогати нашата традиција.
Комисијата едногласно предлага на Академик Проф. Д-р Алајдин Абази да му биде доделена почесната титула **„Doctor Honoris Causa”** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

**Комисија:**

- Проф. Д-р Беким Фетаји – претседател (Ректор) с.р.
- Проф. Д-р Зоран Гацовски – Член с.р.
- Проф. Д-р Александар Димовски – Член с.р.

**Датум:** 05.12.2025, Скопје

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ (2.01.02.01) НА ФАКУЛТЕТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И АРХИТЕКТУРА, УНИВЕРЗИТЕТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот распишан од страна на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на датум **27.06.2025**, за избор на наставник во наставно-научната област **Архитектонско проектирање** (2.01.02.01), Наставно-научниот совет на седницата одржана на **27.10.2023** формираше **Рецензентска комисија** за избор на наставник во следниот состав:

1. Д-р. Зекирија Идризи, Редовен професор на Факултет за градежништво и архитектура, Универзитет „Мајка Тереза“, Скопје - Претседател
2. Д-р. Влора Навакази, Вонреден професор на Архитектонски факултет, Универзитет во Приштина - член
3. Д-р. Михајло Зиноски, Редовен професор на Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје - член

Рецензентската комисија, по разгледување на доставената документација, го поднесува следниот:

**ИЗВЕШТАЈ**

Во конкурсот објавен на дневните портали „Слободен печат“ и „Коха“ на датум 27.06.2025, за избор на наставник во наставно-научната област **АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ** (2.01.02.01), во предвидениот рок конкурираа следниве кандидати:

1. доц. м-р. Армир Ферати

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот доц. м-р. Армир Ферати е роден на 26,04,1977 во Тетово, Република Северна Македонија.
Средното образование го завршил во гимназијата „Кирил Пејчиновиќ“ во Тетово, на насока природно-математичка.
Дипломските студии ги завршил во 2001 година, на Архитектонскиот факултет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнал со звање Дипломиран инженер архитект. За време на дипломските студии е награден со награда од „БИСТА“ – Биенале на студентите по архитектура.
По завршувањето на дипломските студии се запишал на последипломски студии – магистерски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет, Скопје. Во 2011 година ја одбранил магистерската теза со наслов „ **ДЕКОДИРАЊЕ НА ШЕМАТА НА ЈАЗЛИ ВО МАТРИЦАТА НА ЈАВНИ ПРОСТОРИ: ПРОСТОРНИ И КОНФИГУРАЦИСКИ ОСОБЕНОСТИ НА ЈАЗЛИТЕ ВО ТЕТОВО**“ и се стекнува со научниот степен **Магистер на науки по архитектура и урбанизм**.
Во моментов посетува трет циклус на студии на докторска школа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет, Скопје.
Во периодот 2001 – 2004 бил вработен во Општина Тетово, во Секторот за архитектура и урбанизам и како советник на градоначалникот на општината.
Во периодот 2006 – 2007 бил ангажиран од USAID како консултант за урбанистичко планирање.
Од 2007 година до 2020 година бил вработен на Универзитетот во Тетово, на Факултетот за применети науки.

Актуелно, од 2020 година е вработен како наставник на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, на Факултетот за градежништво и архитектура.

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Армир Ферати од 2007 година е ангажиран како асистент, а подоцна и како асистент-докторант на Универзитетот во Тетово, на предметите од областа на архитектонското и урбанистичкото проектирање.
На 14.12.2020 се стекнува со звањето доцент за група стручни предмети, односно предмети од архитектонско проектирање и архитектонско студио во областа Архитектонско проектирање и дизајн.
Во текот на периодот на ангажман како доцент, предава предмети од прв и втор циклус на студии и менторира студенти во изработката на дипломските трудови од првиот и вториот циклус.
На прв циклус е вклучен на предметите:

- Архитектонско проектирање 5
- Архитектонско проектирање 6
- Архитектонско студио 4
- Архитектонско студио 5
- Методи на дизајн
- Урбанистичко студио
- Урбанистичко обликување 1

На втор циклус е вклучен на:

- Архитектонско проектирање 7
- Аналитичко моделирање
- Проектирањње на слободни површини
- Интегративно студио
- Урбанистичко обликување 2

Се појавува како ментор на 7 дипломски работи од првиот циклус студии.
Во текот на ангажманот како кадар на Факултетот за градежништво и архитектура, кандидатот активно учествува во организацијата и структурирањето на студиската програма Архитектура и дизајн и е член на неколку комисии:
Комисија за прием на студенти во првиот и вториот циклус;
Комисија за еквиваленција на испити.
Покрај тоа, кандидатот активно ги следи семинарите и обуките од дидактички карактер:

Семинар организиран од Универзитетот „Мајка Тереза“, Февруари 2021
Семинар организиран од Универзитетот „Мајка Тереза“, Февруари 2022
Семинар организиран од Универзитетот „Мајка Тереза“, Септември 2022
Семинар организиран од Универзитетот „Мајка Тереза“, Февруари 2023
Семинар организиран од Универзитетот „Мајка Тереза“, Декември 2023

Врз основа на професионалното искуство стекнато во приватниот сектор, кандидатот активно учествува и во спроведувањето на постапките за јавни набавки поврзани со планирањето, проектирањето и мониторингот на реализацијата на градежните и проектантските работи за потребите на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

**НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

На трет циклус доц. м-р. Армир Ферати моментално ја подготвува дисертациската тема со работен наслов „ТЕОРИЈАТА НА „МЕСТОТО“ ВО КОНТЕКСТ НА ЈАВНИОТ ОТВОРЕН ПРОСТОР: ФЕНОМЕНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА НАСТАНУВАЊЕ КОНТИНУИТЕТ И ПРОМЕНИ ВО СИСТЕМОТ НА УРБАНИТЕ ЈАЗЛИ НА ГРАД ТЕТОВО“.

Учествува на повеќе меѓународни и национални конференции и јавни предавања од областа на архитектурата и градежништвото, и тоа:

1. International Conference “Towards Sustainable Development” (TSD 2018), организирана од Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, 2023.
2. Втората годишна конференција на докторската школа, организирана од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2023.
3. Space syntax symposium 14, Никозија, Кипар, 2024.

Објавени научни трудови:

1. “HOSPITAL NAVIGATION: SPATIAL CONFIGURATION AND SPATIAL COGNITION IN UNIVERSITY CLINICAL CENTER OF KOSOVO IN PRISHTINA” објавен во Creativity Game, 2021.
2. “STRUGA’S VIBRANT HEART: CONFIGURATIONAL PROPERTIES OF THE CORSO”, презентриан на International Conference “Towards Sustainable Development” (TSD 2018), организирана од Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, 2023.
3. THE EXPERIENTIAL STRUCTURE OF THE URBAN NODE: JOURNEY AND DWELLING, презентиран на Space syntax symposium 14, Никозија, Кипар, 2024 и објавен на збирка на трудови од Space syntax symposium 14.

Кандидатот, активно учевствува на конкурси со идејни архитектонски решенија:

**1.** 2025 Идејно решение – Меѓународен конкурс „Музеј на емоциите“, Ко-автор
**2.** 2024 Идејно решение – Меѓународен конкурс за Детска градинка, избран во потесен избор на трудови, Ко-автор

Неговите реализирани дела вклучуваат:

1. 2024 Студентски дом на Универзитетот во Тетово – реализиран објект од национално значење
2. 2022 Семејна куќа, Тетово – реализиран објект
3. 2022 Семејна куќа, Тетово, Одри – реализиран објект

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Во продолжение е листата на проекти во кои бил ангажиран кандидатот:

1. 2025 Главен проект – Детска градинка, Скопје, Соработник
2. 2025 Главен проект – Семејна куќа, Тетово, Џепчиште, Автор
3. 2024 Главен проект – Реадаптација на административен објект, Скопје,Автор
4. 2023 Главен проект – Семејна куќа, Струга, Соработник
5. 2022 Главен проект – Семејна куќа, Тетово, Автор
6. 2021 Главен проект – Семејна куќа, Скопје, Драчево, Автор
7. 2021 Идеен проект – Колективен станбен објект, Скопје, Кисела Вода,Автор
8. 2021 Главен проект – Семејна куќа, Тетово,Автор
9. 2021 Главен проект – Семејна куќа (реадаптација), Тетово, Седларце,Автор

**ЕВАЛУАЦИЈА**

Кандидатот континуирано е позитивно оценет за наставно-образовната дејност по сите предмети во кои е ангажиран, согласно анонимните анкети спроведени од студентите на Факултетот за градежништво и архитектонсктура при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

**ПРИЛОГ**

ЗА РЕЦЕНЗИЈАТА ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ, НАУЧНИ И НАСТАВНО-ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗВАЊА И ВО ЗВАЊАТА НА СОРАБОТНИЦИТЕ И АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНДИТЕ

Кандидат: доц. м-р. Армир Ферати

**НАСТАВНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Реден бр.** | **Активност** | | | **Бодови** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Одржување на предавања – предмети од првиот циклус на студии | | | **43** |
| | **1.1** | Урбанистичко студио 2020/2021, 2021/2022,<br>Фонд на часови **2**+2; 2 x 1 x 2 + 1 = 5 | | |
| | **1.2** | Урбанистичко обликување 1 2022/2023, 2023/2024<br>Фонд на часови **2**+2; 2 x 1 x 2 + 1 = 5 | | |
| | **1.3** | Архитектонско проектирање 5 - 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025<br>Фонд на часови **2**+2; 2 x 1 x 4 + 1 = 9 | | |
| | **1.4** | Архитектонско проектирање 6 – 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025<br>Фонд на часови **2**+2; 2 x 1 x 5 + 1 = 11 | | |
| | **1.5** | Архитектонско студио 4 - 2021/2022, 2022/2023,<br>Фонд на часови **2**+2; 2 x 1 x 2 + 1 = 5 | | |
| | **1.6** | Архитектонско студио 5 - 2023/2024, 2024/2025<br>Фонд на часови **1**+5; 1 x 1 x 2 + 1 = 3 | | |
| | **1.7** | Методи на дизајн - 2023/2024, 2024/2025<br>Фонд на часови **2**+2; 2 x 1 x 2 + 1 = 5 | | |
| **2.** | Одржување на предавања – предмети од втор циклус на студии | | | |
| | **2.1** | Архитектонско проектирање 7 - 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025<br>Фонд на часови 2+2; | 3 | **15** |
| | **2.2** | Урбанистичко обликување 2<br>Фонд на часови 2+2; | 3 | |
| | **2.3** | Аналитичко моделирање - 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025<br>Фонд на часови 2+2; | 3 | |
| | **2.4** | Проектирање на слободни простори 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025;<br>Фонд на часови 2+2; | 3 | |
| | **2.5** | Интегративно студио - 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025<br>Фонд на часови 1+5; | 3 | |
| **3.** | Консултации со студенти - 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025<br>2 x 0,2 x 4 = 1.6 | | | **1.6** |
| **4.** | Подготовка на нови предмети 12 x 2 =24 | | | **24** |
| **5.** | Содржини и електронски наставни материјали | | | **22** |

| | | |
|---|---|---|
| | Урбанистичко студио<br>Урбанистичко обликување 1<br>Архитектонско проектирање 5<br>Архитектонско проектирање 6<br>Архитектонско студио 4<br>Архитектонско студио 5<br>Методи на дизајн<br>Архитектонско проектирање 7<br>Урбанистичко обликување 2<br>Аналитичко моделирање<br>Проектирање на слободни простори 11 x 2 = 22 | |
| **6.** | Учество на методско-дидактички семинари:<br>Семинар организиран од Универзитетот „Мајка Тереза“, февруари 2021<br>Семинар организиран од Универзитетот „Мајка Тереза“, февруари 2022<br>Семинар организиран од Универзитетот „Мајка Тереза“, Септември 2022<br>Семинар организиран од Универзитетот „Мајка Тереза“, Февруари 2023<br>Семинар организиран од Универзитетот „Мајка Тереза“, Декември 2023 | **5** |
| **7.** | Ментор на дипломска работа 7 x 0,5 = 3.5 | **3.5** |
| **8.** | Член на комисија при одбрана на дипломска работа 26 x 0,2 = 5.2 | **5,2** |
| | **ВКУПНО** | **119.3** |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Реден бр.** | **Активност** | **Бодови** |
|---|---|---|
| **1.** | Учество на научна конференција со орално излагање 3 x 1 = 3 | **3** |
| **2.** | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание 1 x 4 x 0.9 = 3.6 | **3.6** |
| **3.** | Труд со оригинални научни резултати објавен во научен/стручен зборник со меѓународен уредувачки одбор 1 x 3 x 0.9 = 2.7 | **2.7** |
| **4.** | Реализиран објект од национално значење | **8** |
| **5.** | Реализирани објекти 2 x 6 = 12 | **12** |
| **6.** | Идејно решение – Меѓународен конкурс 2 x 4 = 8 | **8** |
| | **ВКУПНО** | **37,3** |

**СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Реден бр.** | **Активност** | **Бодови** |
|---|---|---|
| **1.** | Главни проекти<br>Главен проектант: 6 6 x 4 = 24<br>Соработник : 2 2 x 2 = 4<br>Идеен проект: 1 1 x 2 = 2 | **30** |
| | **ВКУПНО** | **30** |

**ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| Реден бр. | Активност | Бодови |
|---|---|---|
| **1.** | Членство во факултетски комисии<br>Комисија за прием на студенти во I циклус 0,5<br>Комисија за прием на студенти во II циклус 0,5<br>Комисија за еквиваленција на испити 0,5 | **1.5** |
| **2.** | Продекан 4 | **4** |
| | **ВКУПНО** | **5.5** |

**РЕФЕРЕНЦИ ЗА ИЗБОРОТ НА КАНДИДАТОТ**

| Реден бр. | АКТИВНОСТ | Бодови |
|---|---|---|
| 1. | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **119.3** |
| 2. | **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТИ СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНСТ** | **37.3** |
| 4. | **СТРУЧНО-АПИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **30** |
| 5. | **ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **5.5** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целосната доставена документација, Рецензентската Комисија позитивно ја оценува наставно-образовната дејност, научно-истражувачката дејност, стручно-уметничката дејност и стручно-апликативната дејност, како и пошироката дејност на кандидатот доц. м-р. Армир Ферати.

Врз основа на презентираните податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата смета дека кандидатот доц. м-р. Армир Ферати ги исполнува професионалните и академските услови согласно Законот за високото образование на Република Северна Македонија (член 167, „Службен весник“ бр. 82/18), условите и Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, како и согласно „Правилникот за критериумите и постапката за избор во сите наставно-научни, научни, научно-професионални звања и во звањата соработници“ на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (член 13, Универзитетски информатор бр. 1, декември 2018), и ги исполнува сите услови за избор во звањето наставник во областа Архитектонско проектирање (2.01.02.01) на Факултетот за градежништво и архитектура при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за градежништви и архитектура при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, кандидатот доц. м-р. Армир Ферати да биде избран во звањето **вонреден професор** за група професионално-уметнички предмети во областа **Архитектонско проектирање** на Факултетот за градежништво и архитектура при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

**РЕЦЕЗЕНТНСКА КОМИСИЈА:**

1. Д-р. Зекирија Идризи, Редовен професор на Факултет за градежништво и архитектура, Универзитет „Мајка Тереза“, Скопје - претседател с.р. ____________________
2. Д-р. Влора Навакази, Вонреден професор на Архитектонски факултет, Универзитет во Приштина - член с.р. ____________________

3. Д-р. Михајло Зиноски, Редовен професор на Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје – член с.р. _________________